РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ДИРЕКЦИЈА ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА КЛАСИФИЦИРАНИ ИНФОРМАЦИИ

МЕТОДОЛОГИЈА

за процена на ризик за безбедноста на класифицираните информации при планирање инспекциски надзор

Скопје

јуни 2021 година

СОДРЖИНА

Врз основа на член 32 став 4 од Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.102/2019), Правилникот за елементите на проценка на ризикот, како и зачестеноста на спроведувањето на инспекцискиот надзор врз основа на проценката за ризик („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.247/2019), директорот на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации донесе

Методологија за процена на ризик за безбедноста на класифицираните информации при планирање инспекциски надзор

1. ВОВЕД

Со Методологијата за процена на ризик за безбедноста на класифицираните информации при планирање инспекциски надзор (во натамошниот текст: Методологијата) се пропишува начинот на процена на ризик, преку идентификација на специфичните ризици во надлежност на контролата од страна на Одделението за вршење на инспекциски надзор на безбедноста на класифицираните информации (во понатамошниот текст: Одделението за инспекција) како организациона единица на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации и мерењето на степенот на ризиците, а со цел ефикасно планирање на обемот на зачестеноста на надзор над субјекти во областа на заштитата на класифицираните информации.

Оваа методологија се однесува на сите субјекти кои се предмет на инспекциски надзор на Одделението за инспекција, а се применува од страна на инспекторите за безбедност на класифицирани информации. Со менаџирање на ризиците се насочуваат ресурсите на инспекцијата, онаму каде ризикот за сериозни неправилности е најголем, воедно користејќи минимум потребно ниво на интервенција за да се обезбеди примена на законските прописи и другите правни акти со кои се регулирани прашањата од сферата на заштита на класифицираните информации и спроведувањето на безбедносната политика во согласност со националните и со меѓународните прописи.

Целта на оваа методологија е да се пропишат елементите на проценатa на ризикот, како и зачестеноста на спроведувањето на инспекциски надзор врз основа на процена на ризик.

1.1 Поим на ризик

Под ризик, во смисла на оваа методологија се подразбира комбинација на тежината на штетните последици по случувањето на несакан настан кои можат да

се случуваат како последица на работата на субјектот на надзор и веројатноста од случувањето на тие последици.

Ризикот е настан кој може да се случи во иднина и да нанесе штетни последици. Главни елементи на ризикот се штетната последица и веројатноста од случување на штетниот настан во иднина.

Под штетна последица, во смисла на оваа методологија се подразбира повреда, загрозување или нарушување на безбедноста на класифицираните информации од неовластен пристап со последици по јавната безбедност, одбраната, надворешните работи и безбедносните разузнавачки и контраразузнавачки активности на државата.

Присуството на ранливост и присуството на закана сами по себе не претставуваат штета доколку не резултираат со конкретна манифестација на штетна последица.

Проценатa на ризикот се прави во текот на подготвувањето на годишниот план за работа на Одделението за инспекција и претставува основа за планирање на зачестеноста на спроведувањето на инспекциските надзори, бројот на субјекти над кои ќе се изврши инспекциски надзор во текот на годината, како и ангажманот и работата на инспекторот, потребното време и другите ресурси потребни за вршење на инспекцискиот надзор.

1.2. Правен основ

За изработка на оваа методологија, Одделението за инспекција ги применува Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 102/2019) и Правилникот за елементите на проценка на ризикот, како и зачестеноста на спроведувањето на инспекцискиот надзор врз основа на проценката за ризик („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 247/2019) со кои се уредуваат елементите за проценка на ризик: тежината штетните последици и веројатноста за случување на штетните последици.

1.2.1. Закони и подзаконски акти по кои постапува инспекциската служба

Единствен закон по кој постапува Одделението за инспекција е Законот за класифицирани информации(*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/2019), како и подзаконските акти и прописи кои произлегуваат од Законот за класифицирани информации(*). Списокот на подзаконските акти по кои постапува Одделението за инспекција се дадени во **Прилог 1** на оваа методологија.

Списокот на надлежности и овластувања на инспекторите за безбедност на класифицирани информации се дадени во **Прилог 2** на оваа методологија.

2. ЦЕЛ (МИСИЈА) на Одделението за инспекција

Мисија на Одделението за инспекција е да врши организирани, ефикасни, ефективни, квалитетни, функционални инспекциски надзори од областа на заштитата на класифицираните информации, обезбедување на законито користење на класифицираните информации и оневозможување на секаков вид незаконит или неовластен пристап, злоупотреба и компромитирање на информациите со што ќе придонесе кон изградбата на ефикасен и одржлив систем за заштита на класифицираните информации, и воспоставување високо ниво на безбедносна култура и на капацитети за заштита на класифицираните информации кај субјектите кои се предмет на инспекциски надзор, како и стручно оспособување и усовршување на своите вработени.

Стекнатото искуство при вршење на инспекциски надзор над одредени субјекти во минатото, во областа за кое е надлежно Одделението за инспекција, законската и подзаконската регулатива, изворите на информации и податоци, иницијативите за вршење на вонредни инспекциски надзори од страна на правни и физички лица се елементи врз основа на кои се врши процена на ризик од делокругот на надлежноста на Одделението за инспекција.

Проценатa на ризикот за безбедноста на класифицираните информации претставува процес на анализа, управување и известување за ризикот од неусогласеноста на работењето на субјектот на надзор, со прописите од областа на заштитата на класифицираните информации. Тоа е процес што вклучува идентификација на ризиците коишто може да доведат до нарушување на безбедноста на класифицираните информации со последици по безбедноста и одбраната на државата, нејзиниот територијален интегритет и суверенитет, уставниот поредок, јавниот интерес и слободите и правата на човекот и граѓанинот.

Проценатa на ризикот придонесува за донесување одлука при планирањето на инспекцискиот надзор и преземањето соодветни мерки за ублажување и надминување на последиците од неусогласеноста на работењето на субјектот на надзор со прописите од доменот на класифицираните информации.

2.1. Идентификување на ризиците/ризични области согласно делокругот на работењето на инспекциската служба

Врз основа на досегашното искуство при вршење на инспекциски надзор, начинот на постапување со класифицираните информации, посебноста на некои институции нагласени во Законот за класифицирани информации(*), субјектите кои се под надзор и надлежност на Одделението за инспекција се делат на две поголеми групи:

– Институции кои во рамките на своите законски надлежности СОЗДАВААТ и ЧУВААТ класифицирани информации на дневна, неделна или месечна основа и

– Институции дефинирани како критична инфраструктура а се од посебно значење по Планот за одбрана или се економски оператори ангажирани од договорен орган за изведување на класифициран договор, кои кај нив само ЧУВААТ класифицирани информации;

За тоа е создадена листа Субјекти на надзор, која поделена по област и групи на субјекти изгледа како во табелата подолу:

Област на дејност	*Групи субјекти*	*Број на субјекти*
А. СОЗДАВАЊЕ и ЧУВАЊЕ на класифицирани информации	• Јавна безбедност; • Одбраната; • Надворешните работи; • Безбедносни; • Разузнавачки и • Контраразузнавачки служби • Органи на државна управа и локална власт	67 60 74 2 2 1 158
ВКУПНО А		364
Б. ЧУВАЊЕ на класифицирани информации	• Критична инфраструктура, органи на државна управа или локална власт (по план за одбрана); • Економски оператори;	396 110
ВКУПНО Б		506
ВКУПНО АБ		*870*

А. СОЗДАВАЊЕ и ЧУВАЊЕ на класифицирани информации

Инспекцискиот надзор на безбедноста на класифицираните информации се врши врз основа на материјалниот закон, Законот за класифицирани информации(*). Создавањето и чувањето на класифицираните информации се проверува според уредбите за административна, за персонална, за физичка и за информатичка безбедност на класифицираните информации и другите прописи од областа на класифицираните информации доколку се работи за странски класифицирани информации. Во оваа област се проверуваат одредбите од горе спомнатите уредби.

А.1. Уредба за административна безбедност

Кус опис на областа: административната безбедност преставува: определување на степенот на класификација и обележување на класифицираната информација, прием и евиденција на класифицираната информација, определување начин за чување, ракување и контрола на класифицираната информација, репродукција, преводи и извадоци на класифицираната информација и одредување на бројот на примероците и корисниците, дисеминација на класифицираните информации и отстранување и уништување на класифицираната информација. Тоа се прави во посебни деловодници и во согласност со Уредбата за канцелариско и архивско работење („Службен весник на Република Македонија“ бр. 1/2014) и Упатството за начинот и техниката на постапување со документарниот материјал и архивската граѓа во канцелариското и архивското работење („Службен весник на Република Македонија“ бр. 99/2014) .

Вид на штета/последица/ризик:

А.1.1. Неправилно ракување со класифицираните информации

А.2. Уредба за безбедност на лица корисници на класифицирани информации

Кус опис на областа: Персоналната безбедност ја регулира постапката околу издавањето на безбедносните сертификати кој се издава на физички и правни лица, заради извршување на работните задачи сврзани со ракувањето со класифицираните информации, согласно со принципот „потребно е да знае“. Таа ги опфаќа следниве мерки и активности: определување на офицер за безбедност на класифицирани информации, безбедносна проверка, издавање на безбедносен сертификат, издавање на дозвола за пристап до класифицирани информации и проверка и оценување на способноста за постапување со класифицирани информации.

Вид на штета/последица/ризик:

А.2.1. Непочитување на мерките, активностите и процедурите при издавање на безбедносен сертификат за физички лица.

А.3. Уредба за физичка безбедност

Кус опис на областа: За да се спречи неовластен пристап до класифицираните информации потребно е да се превземаат физички и технички заштитни мерки. Тие мерки треба да спречат и детектираат прикриен или насилен упад од неовластено лице, да одвратат и спречат неовластени активности како и да

овозможат поделба на персоналот во нивниот пристап до класифицирани информации согласно со принципот „потребно е да знае“. За таа цел во субјектите каде се ракува со класифицирани информации со степен ДОВЕРЛИВО и повисоко, треба да се формираат безбедносни зони од прв и втор степен. Бидејќи во овој дел зборуваме за СОЗДАВАЊЕ на класифицирани информации, а тоа се прави на персонални десктоп компјутери кои физички се сместени во канцеларија, тогаш таа просторија треба да ги исполнува пропишаните минимални стандарди за ПРОСТОРИЈА каде истовремено и би се ЧУВАЛЕ тие класифицирани информации, дополнета со исполнување и на другите повеќеслојни безбедносни мерки кои се поделени во секции и потсекции во Упатството за процесот на менаџирање на ризикот за физичка безбедност, се постигнува успешна физичка заштита на класифицираните информации. Мерките и активностите од физичката безбедност се: процена за можно нарушување на безбедноста на класифицираната информација, определување на безбедносен појас околу објектот, определување на безбедносни и административни зони, организирање на физичка заштита и примена на технички средства за обезбедување на објекти и простории во кои се наоѓаат класифицирани информации, контрола на влез, движење и излез на лица и возила за пренос на класифицирани информации и физичко обезбедување при пренесување на класифицирани информации надвор од безбедносните зони.

Вид на штета/последица/ризик:

А.3.1. Немање/неопределена/неуредена безбедносна зона согласно пропишаните минимални безбедносни стандарди, а се ракува со класифицирани информации со степен ДОВЕРЛИВО и повисоко.

А.4. Уредба за информатичка безбедност

Кус опис на областа: Бидејќи класифицираните информации се создаваат, се обработуваат, се чуваат и се процесираат во електронска форма тогаш над нив треба да се применат безбедносни мерки за заштита на комуникациските, информациските и другите електронски системи со цел да се обезбеди нивна доверливост, интегритет, достапност, автентичност и неотповикливост. Тоа се постигнува преку мерките и активностите за:

- безбедност на комуникациско-информациските системи и
- криптографска безбедност;

кои на крај треба да резултираат со акредитирање на комуникациско-информациските каде е дозволено создавање, обработување, чување како и процесирање на класифицирани информации за определен степен на класификација.

Вид на штета/последица/ризик:

А.4.1. Неприменување на мерките на безбедност на комуникациско-информациските системи.

Б. ЧУВАЊЕ на класифицирани информации

Чувањето на класифицираните информации се врши согласно Законот за класифицирани информации(*) и се проверува според уредбите за административна, за персонална, за физичка и за индустриска безбедност на класифицираните информации, како и со други прописи од областа на класифицираните информации доколку се работи за странски класифицирани информации. Во оваа област се проверуваат одредбите од горе спомнатите уредби.

Б.1. Уредба за административна безбедност

Кус опис на областа: административната безбедност во овој дел, бидејќи се работи само за ЧУВАЊЕ, опфаќа прием и евиденција на класифицираната информација, определување начин за чување, контрола на класифицираната информација и отстранување на класифицираната информација. Класифицираните информации се евидентираат во посебни деловодници и во согласност со Уредбата за канцелариско и архивско работење и Упатството за начинот и техниката на постапување со документарниот материјал и архивската граѓа во канцелариското и архивското работење.

Вид на штета/последица/ризик:

Б.1.1. Неправилно ракување со класифицираните информации

Б.2. Уредба за безбедност на лица корисници на класифицирани информации

Кус опис на областа: Персоналната безбедност ја регулира постапката околу издавањето на безбедносните сертификати кој се издава на физички и правни лица, заради извршување на работните задачи сврзани со ракувањето со класифицираните информации, согласно со принципот „потребно е да знае". Таа ги опфаќа следниве мерки и активности: определување на офицер за безбедност на класифицирани информации, безбедносна проверка, издавање на безбедносен сертификат, издавање на дозвола за пристап до класифицирани информации и проверка и оценување на способноста за постапување со класифицирани информации.

Вид на штета/последица/ризик:

Б.2.1. Не почитување на мерките, активностите и процедурите при издавање на безбедносен сертификат за физички лица.

Б.3. Уредба за физичка безбедност

Кус опис на областа: За да се спречи неовластен пристап до класифицираните информации потребно е да се превземаат физички и технички заштитни мерки. Тие мерки треба да спречат и детектираат прикриен или насилен упад од неовластено лице, да одвратат и спречат неовластени активности како и да овозможат поделба на персоналот во нивниот пристап до класифицирани информации согласно со принципот „потребно е да знае". За таа цел во субјектите каде се ЧУВААТ класифицираните информации со степен ДОВЕРЛИВО и повисоко, истите треба да ги чуваат во сефови според утврдени минимални стандарди за СЕФОВИ и БРАВИ, дополнета со исполнување и на другите повеќеслојни безбедносни мерки кои се поделени во секции и потсекции во Упатството за процесот на менаџирање на ризикот за физичка безбедност, се постигнува успешна физичка заштита на класифицираните информации. Мерките и активностите од физичката безбедност се: процена за можно нарушување на безбедноста на класифицираната информација, определување на безбедносен појас околу објектот, определување на безбедносни и административни зони, организирање на физичка заштита и примена на технички средства за обезбедување на објекти и простории во кои се наоѓаат класифицирани информации, контрола на влез, движење и излез на лица и возила за пренос на класифицирани информации и физичко обезбедување при пренесување на класифицирани информации надвор од безбедносните зони.

Вид на штета/последица/ризик:

Б.3.1. Немање на БЕЗБЕДНОСЕН СЕФ и БРАВА ЗА СЕФ за чување на класифицирани информации со степен ДОВЕРЛИВО и повисоко согласно пропишаните минимални безбедносни стандарди.

Б.4. Уредба за индустриска безбедност

Кус опис на областа: Индустриската безбедност ги пропишува мерките и процедурите со кои се обезбедува заштита на класифицираните информации од страна на договорниот орган и економските оператори пред склучување на договор и во текот на реализација на класифицираниот договор. Економските оператори треба да ги исполнат мерките за административна, персонална и физичка безбедност со цел обезбедат безбедносен сертификат за правно лице со степен на класификација назначен во класифицираниот договор за можат да ги реализираат работните активности за кои се ангажирани.

Вид на штета/последица/ризик:

Б.4.1. Непочитување на одредбите врз основа на кои е издаден безбедносниот сертификат за правно лице.

2.2. Елементи за процена на ризик

Степен на ризик е производ на тежина на последиците од ризикот и веројатноста за настанување на штетниот настан кој ќе предизвика штетни последици (тежина x веројатност).

Елементи за процена на ризик се:

- тежината на штетните последици и
- веројатноста за случување на штетните последици.

2.2.1. Тежина на штетните последици

Елементите на тежината на штетните последици се:

- природа на штетните последици,
- обем на штетните последици.

2.2.1.1. Природа на штетни последици

Природата на штетните последици произлегува од видот на дејноста на субјектот на надзор односно активностите кои ги презема или овластувањата кои ги врши во рамките на своето работење.

Штетните последици кои се можни како последица од работењето на субјектите под надзор. Во табелата подолу се дадени видови на субјекти на надзор, области на штетени последици и критериуми според кои ќе се мери ризикот:

За секој вид на субјект под надзор се прави одделна проценка на ризик. Доколку повеќе видови субјекти кои припаѓаат во една иста група имаат исти карактеристики, слична дејност и слична природа на ризици, се прави проценка на ризик по група на субјекти под надзор.

За секој вид на субјект се определуваат области на ризик и за секоја област се утврдуваат критериуми според кои ќе се мери ризикот. За секој критериум се дефинираат прецизни индикатори според кои ќе се мери проценетата вредност на ризикот.

За секоја област на штетни последици се утврдува вкупен број на бодови кои се распределуваат на параметрите согласно нивната важност при утврдување на ризик. Вкупниот број на бодови за една област е еднаков на збирот на можни бодови на сите параметри за таа област. За утврдување на степен на ризик според скалата низок, среден и висок ризик се користат вредностите од избраните индикатори.

2.2.1.2 Обем на штетни последици

Обемот на штетните последици кој произлегува од опфатот и обемот на дејноста на субјектот под надзор. Субјектите се поделени во три групи со мал,

среден и висок степен на ризик. За секоја одделен вид на субјекти под надзор се определени соодветни критериуми за степенот на ризик.

2.2.2. Веројатност на случување на штетните последици

Веројатноста за случување на штетни последици се проценува врз основа на определени критериуми.

Вредностите на критериумите за процена на веројатноста за случување на штетните последици се искажуваат во бодови, така да за секој критериум се доделуваа определен број на бодови.

При процена на ризик, за секој критериум треба да се утврди број на бодови кои се собираат и се добива вкупна нумеричка вредност која се дефинира дали спаѓа во мал, среден или висок ризик.

Утврдување на елементот веројатност за настанување на штетни последици се врши преку мерење на следните пет специфични елементи:

2.2.2.1. Претходната работа и постапување на субјектот на инспекциски надзор, вклучувајќи ја и последната утврдена состојба на законитост и безбедност во неговото работење и постапување, при што се утврдува каква е историјата на најдени неусогласености, број и вид на изречени мерки против субјектот, изречените прекршочни санкции и висината на истите, поведените прекршочни постапки и исходот од истите, поднесените кривични пријави и сл.

2.2.2.2 Стандардите и другите документи кои ја сочинуваат националната стандардизација, како и правилата на добра практика кои ги применува субјектот на инспекциски надзор. Дали субјектот има воведени релевантни стандарди, врши редовна ресертификација.

2.2.2.3. Системите за управување и внатрешен надзор на работењето на субјектот на инспекциски надзор. Дали субјектот има развиени пишани процедури за работа за работа, сопствена внатрешна контрола на работењето, задолжени лица за контрола, редовна евиденција и записници и сл.

2.2.2.4. Состојбата во областа во која се врши дејноста и предвидувањата за идните движења во таа област, трендови, компаративна состојба со слични земји, добри пракси од други земји.

2.2.2.5. Внатрешните и надворешните стручни, технички, технолошки и финансиски капацитети на субјектот на инспекциски надзор.

2.3. Утврдување на критериуми и параметри/индикатори и нивно вреднување

Секој ризик се мери според утврдени критериуми и индикатори. Критериумите се директно поврзани со ризикот и претставуваат показател преку што или преку која дејност на субјектот се определува висината на ризикот.

Индикаторите се опции кои подетално ги дефинираат критериумите и предвидуваат конкретни степени на квалитетот или обемот на одреден критериум. Се определува онолкав број на индикатори кој реално може да ја прикаже состојбата на одредениот критериум. За секој индикатор се доделува определен број на бодови. Бројот на бодови се утврдува од страна на стручните лица во инспекторатот кои преку распоредот на бодовите вршат рангирање на важноста на ризикот. Доделениот повисок број на бодови претставува и повисок степен на ризик.

По утврдувањето на бодовите за секој ризик и критериум, се собираат бодовите на природата и обемот на штетната последица и според матрицата се утврдува степен на ризикот. Исто така, се доделуваат бодовите и за веројатноста за настанување на штетниот настан и се утврдува степен на ризикот кој се става во матрицата на ризици.

2.4. Утврдување на степенот на ризик

Секој од утврдените ризици во оваа методологија опфаќа 3 степени на ризик, и тоа:

- Ниво 1 – низок степен на ризик;
- Ниво 2 – среден степен на ризик;
- Ниво 3 – висок степен на ризик;

2.4.1. Вреднување на степенот на основните елементи на ризик

Степенот на ризик се утврдува врз основа на матрицата на ризици 3х3, на чија хоризонтална оска се нанесуваат вредностите за степенот на тежината на штетните последици, а на вертикалната оска се нанесуваат вредностите за степенот на веројатноста за случување на штетните последици.

За потребите на матрицата 3х3, вкупните нумерички вредности на тежината на штетните последици и веројатноста за случување на штетните последици се сведуваат во опсег 1-3, односно се утврдуваат како степени и изнесуваат:

- 1 – низок;
- 2 – среден и
- 3 – висок.

Вредноста на проценетиот степен на ризик се добива со множење на нумеричките вредности на степените на тежината на штетните последици и веројатноста за случување на штетни последици може да изнесува:

- 1 или 2 – низок степен на ризик;
- 3 или 4 – среден степен на ризик и
- 6 или 9 – висок степен на ризик;

Слика 1. Матрица на ризици 3x3

Во табелите подолу се дадени сите релевантни ризици по области и по групи на субјекти. За секоја група на субјекти е направена следната посебна проценка на ризици:

А. СОЗДАВАЊЕ и ЧУВАЊЕ на класифицирани информации

ОБЛАСТ НА ДЕЈНОСТ		ГРУПА	БОДОВИ
А	СОЗДАВАЊЕ и ЧУВАЊЕ на класифицирани информации	Јавна безбедност, одбрана, надворешни работи, безбедносни, разузнавачки, контраразузнавачки служби, органи на државна управа и локална власт	
А.1. Уредба за административна безбедност на класифицирани информации			
РИЗИК бр. 1		Неправилно ракување со класифицираните информации	
1. Основен елемент		ТЕЖИНА НА ШТЕТНИ ПОСЛЕДИЦИ	250
1.1. Специфичен елемент		ПРИРОДА НА ШТЕТНИ ПОСЛЕДИЦИ	200
1.1.1. Критериум		Евиденција на класифицираните информации	50
Индикатори		Нема посебни деловодници за евиденција на класифицираните информации	50
		Користи еден посебен деловодник за евиденција на класифицираните информации со различни степени на класификација	30
		Користи два одделни посебни деловодници и друга пропишана евиденција	10
1.1.2. Критериум		Определување на степенот на класификација и обележување на класифицираната информација	50
Индикатори		Не е извршена проценка на можната штета и последиците при определување на соодветниот степен на класификација на информацијата	50
		Не се правилно обележани класифицираните информации	30

	Уредно се определени и обележани класифицираните информации	10
1.1.3. Критериум	**Навремено се врши прием, обработка, утврдување на корисниците и дисеминација на класифицираните информации**	**50**
Индикатори	Не ги остваруваат дадените задачи	50
	Ги извршуваат дадените задачи со задоцнување	30
	Целосно се извршуваат дадените задачи	10
1.1.4. Критериум	**Архивирање и уништување на документарен класифициран материјал**	**50**
Индикатори	Не се врши архивирање и уништување документарен класифициран материјал	50
	Се врши архивирање и уништување на документарен класифициран материјал со задоцнување од планираното во Листата за архивски и документарен материјал	35
	Се врши архивирање но не и уништување на документарен класифициран материјал	15
	Уредно се врши архивирање и уништување документарен класифициран материјал	5
1.2. Специфичен елемент	**ОБЕМ НА ШТЕТНИ ПОСЛЕДИЦИ**	**50**
1.2.1. Критериум	**Број на предмети по кои се постапува годишно**	**50**
Индикатори	Над 150 предмети	50
	Од 50 до 150 предмети	30
	До 50 предмети	10
2. Основен елемент	**ВЕРОЈАТНОСТ ЗА ШТЕТНИ ПОСЛЕДИЦИ**	**900**
2.1. Специфичен елемент	**ПРЕТХОДНА РАБОТА НА СУБЈЕКТОТ**	**400**
2.1.1. Критериум	**Број на утврдени неправилности при претходни надзори**	**100**
Индикатори	Најдени се повеќе од 3 неправилности во последните три години	100

	Најдени се до 2 неправилности во последните три години	50
	Не се најдени неправилности во последните три години	10
2.1.2. Критериум	**Однесување на субјектот по издадените мерки**	**100**
Индикатори	Не ги отстранува неправилностите воопшто	100
	Ги отстранува неправилностите со задоцнување	50
	Неправилностите ги отстранува навремено	10
2.1.3. Критериум	**Тежина на изречените мерки кон субјектот во последните три години**	**100**
Индикатори	Поднесена пријава до ЈО	100
	Поднесено барање за поведување на прекршочна постапка/издаден платен налог	50
	Изречена опомена или друга инспекциска мерка	30
	Не е изречена мерка	10
2.1.4 Критериум	**Поднесени иницијативи против субјектот во тек на последната година**	**100**
Индикатори	Поднесени се преку 10 иницијативи	100
	Поднесени се помеѓу 5 и 10 иницијативи	50
	Поднесени се под 5 иницијативи	10
2.2. Специфичен елемент	**СТАНДАРДИ И ПРАВИЛА НА ДОБРА ПРАКТИКА**	**100**
2.2.1. Критериум	**Начин на водење на евиденција**	**100**
Индикатори	Хартиена евиденција	100
	Електронска евиденција	50
	Електронско управување со документи	10
2.3. Специфичен елемент	**СИСТЕМИ ЗА УПРАВУВАЊЕ И ВНАТРЕШЕН НАДЗОР**	**100**

2.3.1. Критериум	**Воспоставување и примена на внатрешни процедури**	**100**
Индикатори	Нема воспоставено внатрешни процедури и системи за внатрешен надзор	100
	Има воспоставено внатрешни процедури и системи за внатрешен надзор но не ги применува	50
	Има воспоставено внатрешни процедури и системи за внатрешен надзор и ги применува	10
2.4. Специфичен елемент	**СОСТОЈБА ВО ОБЛАСТА**	**100**
2.4.1. Критериум	**Степен на ризик по области**	**100**
Индикатори	Локална власт	100
	Органи на државна управа	50
	Јавна безбедност, одбраната, надворешните работи, безбедносни, разузнавачки и контраразузнавачки	10
2.5. Специфичен елемент	**ВНАТРЕШНИ И НАДВОРЕШНИ КАПАЦИТЕТИ НА СУБЈЕКТОТ НА ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР**	**200**
2.5.1. Критериум	**Соодветност на кадарот кај субјектот по број и стручност**	**100**
Индикатори	Сосем несоодветен	100
	Делумно соодветен	50
	Сосема соодветен	10
2.5.2. Критериум	**Соодветност на опременоста на субјектот**	**100**
Индикатори	Сосем несоодветен	100
	Делумно соодветен	50
	Сосема соодветен	10

ОБЛАСТ НА ДЕЈНОСТ		ГРУПА	БОДОВИ
А	СОЗДАВАЊЕ и ЧУВАЊЕ на класифицирани информации	Јавна безбедност, одбрана, надворешни работи, безбедносни, разузнавачки, контраразузнавачки служби, органи на државна управа и локална власт	
А.2. Уредба за безбедност на лица корисници на класифицирани информации			
РИЗИК бр. 2		Не почитување на мерките, активностите и процедурите при барање за издавање на безбедносен сертификат за физички лица	
1. Основен елемент		ТЕЖИНА НА ШТЕТНИ ПОСЛЕДИЦИ	150
1.1. Специфичен елемент		ПРИРОДА НА ШТЕТНИ ПОСЛЕДИЦИ	100
1.1.1. Критериум		**Офицер за безбедност на класифицирани информации**	50
Индикатори		Нема определено офицер за безбедност на класифицирани информации	50
		Има определено офицер за безбедност на класифицирани информации	15
1.1.2. Критериум		**Немање/истечен безбедносен сертификат а ракува со класифицирани информации**	50
Индикатори		Нема безбедносен сертификат, но е во постапка за издавање	50
		Истечен безбедносен сертификат, но е во постапка за издавање	30
		Валиден безбедносен сертификат, но не е покренатa постапка за продолжување на истиот	15
		Поседува валиден безбедносен сертификат	5
1.2. Специфичен елемент		ОБЕМ НА ШТЕТНИ ПОСЛЕДИЦИ	50
1.2.1. Критериум		**Број на вработени кои немаат валиден безбедносен сертификат**	50
Индикатори		Над 15 вработени	50
		Од 10 до 15 вработени	30
		До 10 вработени	10

2. Основен елемент	**ВЕРОЈАТНОСТ ЗА ШТЕТНИ ПОСЛЕДИЦИ**	**1000**
2.1. Специфичен елемент	**ПРЕТХОДНА РАБОТА НА СУБЈЕКТОТ**	**400**
2.1.1. Критериум	**Број на утврдени неправилности при претходни надзори**	**100**
Индикатори	Најдени се повеќе од 3 неправилности во последните три години	100
	Најдени се до 2 неправилности во последните три години	50
	Не се најдени неправилности во последните три години	10
2.1.2. Критериум	**Однесување на субјектот по издадените мерки**	**100**
Индикатори	Не ги отстранува неправилностите воопшто	100
	Ги отстранува неправилностите со задоцнување	50
	Неправилностите ги отстранува навремено	10
2.1.3. Критериум	**Тежина на изречените мерки кон субјектот во последните три години**	**100**
Индикатори	Поднесена пријава до ЈО	100
	Поднесено барање за поведување на прекршочна постапка/издаден платен налог	50
	Изречена опомена или друга инспекциска мерка	30
	Не е изречена мерка	10
2.1.4 Критериум	**Поднесени иницијативи против субјектот во тек на последната година**	**100**
Индикатори	Поднесени се преку 10 иницијативи	100
	Поднесени се помеѓу 5 и 10 иницијативи	50
	Поднесени се под 5 иницијативи	10
2.2. Специфичен елемент	**СТАНДАРДИ И ПРАВИЛА НА ДОБРА ПРАКТИКА**	**100**
2.2.1. Критериум	**Ги почитува дадените законски и подзаконски рокови околу безбедносните сертификати**	**100**

Индикатори	Во голем дел не ги почитува	100
	Во мал дел не ги почитува	50
	Целосно ги почитува	10
2.3. Специфичен елемент	**СИСТЕМИ ЗА УПРАВУВАЊЕ И ВНАТРЕШЕН НАДЗОР**	**200**
2.3.1. Критериум	**Дали се води уредна евиденција за постапките сврзани за безбедносните сертификати и изјавите за брифирање**	**100**
Индикатори	Не води евиденција	100
	Делумно води евиденција	50
	Води уредна евиденција	10
2.3.2. Критериум	**Електронски систем за обука за Законот за класифицирани информации(*)**	**100**
Индикатори	Не се применува	100
	Се применува но со потешкотии	50
	Целосно се применува	10
2.4. Специфичен елемент	**СОСТОЈБА ВО ОБЛАСТА**	**100**
2.4.1. Критериум	**Степен на ризик по области**	**100**
Индикатори	Јавна безбедност, одбраната, надворешните работи, безбедносни, разузнавачки и контраразузнавачки	100
	Органи на државна управа	50
	Локална власт	10
2.5. Специфичен елемент	**ВНАТРЕШНИ И НАДВОРЕШНИ КАПАЦИТЕТИ НА СУБЈЕКТОТ НА ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР**	**200**
2.5.1. Критериум	**Соодветност на кадарот кај субјектот по број и стручност**	**100**

Индикатори	Сосем несоодветен	100
	Делумно соодветен	50
	Сосема соодветен	10
2.5.2. Критериум	**Соодветност на опременоста на субјектот**	**100**
Индикатори	Сосем несоодветен	100
	Делумно соодветен	50
	Сосема соодветен	10

ОБЛАСТ НА ДЕЈНОСТ		**ГРУПА**	**БОДОВИ**
А	**СОЗДАВАЊЕ и ЧУВАЊЕ на класифицирани информации**	**Јавна безбедност, одбрана, надворешни работи, безбедносни, разузнавачки, контраразузнавачки служби, органи на државна управа и локална власт**	
А.3. Уредба за физичка безбедност на класифицирани информации			
РИЗИК бр. 3		**Немање/не определена/неуредена БЕЗБЕДНОСНА ЗОНА согласно пропишаните минимални безбедносни стандарди, а се ракува со класифицирани информации со степен ДОВЕРЛИВО и повисоко**	
1. Основен елемент		**ТЕЖИНА НА ШТЕТНИ ПОСЛЕДИЦИ**	**250**
1.1. Специфичен елемент		**ПРИРОДА НА ШТЕТНИ ПОСЛЕДИЦИ**	**150**
1.1.1. Критериум		**Постои процена за можно нарушување на безбедноста на класифицираните информации**	**50**
Индикатори		Нема изработена процена	50
		Нема изработена процена, но е во фаза на изработка	30
		Има изработена процена	10

1.1.2. Критериум	**Определување и обележување на административни и безбедносни зони**	**50**
Индикатори	Нема определено административни и безбедносни зони	50
	Има определено административни и безбедносни зони но истите не се обележани	30
	Има определено и обележано административни и безбедносни зони	10
1.1.3. Критериум	**Безбедносната зона ги исполнува минималните безбедносни потреби**	**50**
Индикатори	Не ги исполнува, просторијата е од тип 1-канцеларија	50
	Не ги исполнува, но може да биде, со одредени корекции на дел од факторите битни за заштита на просторијата	30
	Ги исполнува минималните безбедносни потреби	10
1.2. Специфичен елемент	**ОБЕМ НА ШТЕТНИ ПОСЛЕДИЦИ**	**100**
1.2.1. Критериум	**Бројност, степен на класифицираните информации**	**50**
Индикатори	Една класифицирана информација со степен ДТ или повеќе од еден	50
	Една класифицирана информација со степен СД или повеќе од еден	30
	Една класифицирана информација со степен Д или повеќе од еден	10
1.2.2. Критериум	**Форма и проток на класифицираните информации**	**50**
Индикатори	Во електронска и хартиена форма	50
	Само во електронска форма	10
2. Основен елемент	**ВЕРОЈАТНОСТ ЗА ШТЕТНИ ПОСЛЕДИЦИ**	**900**
2.1. Специфичен елемент	**ПРЕТХОДНА РАБОТА НА СУБЈЕКТОТ**	**400**
2.1.1. Критериум	**Број на утврдени неправилности при претходни надзори**	**100**
Индикатори	Најдени се повеќе од 3 неправилности во последните три години	100
